**Трибина на „Културен живот"**

# Проблемите на музејската дејност во СР Македонија

*Кон крајот на минатата година во Дојран се одржа советување на Сојузот на друштвата на музејските работници на СР Македонија, со тема „Актуелните состојби и проблеми во функционирањето и остварувањето на утврдената политика во музејската дејност во СР Македонија". Во овој број „Културен живот" ги донесува искажувањата на Д-р Галена Куцуловска и Д-р Ѓорѓе Миљковиќ од Музеите на Македонија, и Зоран Тодоровски и Златко Теодосиевски од Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура.*

**Зоран Тодоровски:**

## Актуелни состојби и проблеми во музејската дејност

ТРГНУВАЈЌИ ОД уставното начело и утврденото нормативно регулирање на музејската дејност, како дејност од посебен општествен интерес, оваа мошне значајна културна и воспитно-образовна дејност со своите универзални постулати сè повеќе го добива потребниот третман и вистинското место во општествено-политичкиот развој на Републиката.

Дејствувањето на овие културни организации може да се посматра единствено низ призмата на остварувањето на општествената функција и своевидно потврдување како вистински носители на националниот идентитет и трезори на материјалната и духовната култура на македонскиот народ и на народностите што живеат во СР Македонија.

Состојбите во кои денес се наоѓаат музеите и разновидните мерки и активности што се преземаат за разрешување на присутните проблеми, како и во афирмацијата на музејското дело во СР Македонија, му даваат посебен белег на сегашниот степен на развојот на музејските организации.

За одбележување е дека во последните години е нагласена грижата на општествената заедница во зајакнувањето на материјална основа на музеите, што дава реални претпоставки и добри перспективи за поефикасно функционирање на музејските активности и содржини.

Создавањето на голем број музеи и музејски институции во Републиката овозможи да се прибере и зачува најголемиот дел од културно-историското и уметничкото богатство на македонскиот народ, како и да се одбележат и презентираат најзначајните настани и личности од поблиското и подалечното културно и историско минато на македонскиот народ.

И покрај дејствувањето на голем број специјализирани организации (22 музеи) и разновидни музејски поставки (48 меморијални музеи, спомен куќи, спомен-соби, музејски и галериски збирки), мораме да укажеме на фактот дека известен број од нив се уште ги немаат потребните услови за нормално и современо функционирање. Посебно треба да

се нагласи немањето на потребен простор и со години непостоење на комплексни музејски поставки. Ваквите појави се должат не само на немање на музејска традиција, туку и на поранешната присутна пракса, кога општествената заедница, од една страна, го забрзуваше и овозможуваше основањето на бројни музејски институции, а од друга страна, ги оставаше во почетниот стадиум и развој. И денес вакви појави се присутни и кај новоформираните музеи и музејски збирки, што укажува на недоследното почитување на законските прописи, како и на недоволното посветување и внимание на надлежните општински органи, организации и заедници.

Прашањето за обезбедување на соодветен простор за нормално функционирање на музеите, претставува едно од најакутните проблеми од оваа област. Заради недоволните и несоодветните просторни услови, поголемиот број од музеите, особено во внатрешноста, подолго време не ги извршуваа основните функции и задачи на музејската дејност — заштита и презентација на музејскиот материјал.

Во последните години, со нагласено ангажирање на надлежните републички и општински органи, организации и самоуправни интересни заедници, во голема мера се подобрени просторните услови на музеите особено за постојани изложбени поставки. По пат на адаптација на објекти од нашето градителско наследство, проблемот со простор трајно го решија музеите во Охрид, Битола, Струмица, Штип, Кичево, Гевгелија, Струга и музејските збирки во Ресен и Кратово. Во тек е решавањето на простор на музеите во Крушево, Тетово и Прилеп, додека овој проблем сеуште го немаат решено музеите во Куманово, Титов Влес, Кавадарци и музејската збирка во Свети Николе.

Најголемиот дел од музејскиот простор (34.394 $м^2$) се користи за постојани и повремени изложбени поставки (околу 61%) и додека сосема мал дел е наменет за лаборатории (околу 1,6%) и депоа (околу 1,2%).

ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА музејскиот материјал во постојаните изложбени поставки, како една од основните функции на музеите, не е на потребното ниво. Ваквата состојба, пред сè, се должи на немањето на соодветен простор и на недоволното ангажирање и иницијативност на музеите односно на музејските работници во изготвувањето на концепции за постојани изложбени поставки и во обработката на музејскиот материјал. Во оваа смисла, треба да се укаже дека решавањето на проблемот со простор и обезбедувањето на постојани изложбени поставки, не е последица само на слабостите што се присутни кај музеите и музејските работници, туку и на недоволното ангажирање и посветување потребното внимание на надлежните општински органи, организации и заедници. Присутно е сознанието, дека токму во градовите со богати револуционерни традиции (Титов Велес, Кавадарци, Прилеп, Крушево и Куманово) најмалку е сторено за решавање на овие основни проблеми односно за развојот на самите музејски организации.

За одбележување е дека само музеите во Струмица и Гевгелија имаат постојана комплексна изложбена поставка, а Музејот на Македонија е на пат со реализацијата на III фаза (етнологија), да се здобие со ваков вид музејска поставка. Постојани поставки имаат само специјализираните музеи: Природонаучниот музеј на Македонија, Музејот на современата уметност, Музејот „Западна Македонија во НОВ" во Кичево и Уметничката галерија во Скопје. Другите музеи имаат нецелосни изложбени поставки, а 9 музеи и покрај долгогодишното постоење и функционирање, сеуште немаат вакви изложбени поставки (Музејот на град Скопје, музеите во Битола, Штип, Куманово, Крушево, Кавадарци и музејските збирки во Ресен, Свети Николе и Кратово).

Со задоволство може да се констатира дека во последните години се чувствува едно силно раздвижување, односно еден вид „ренесанса" на музејската дејност во Републиката. Имено, со решавањето на проблемот со простор, повеќе музеи беа особено ангажирани во изготвувањето на концепции за постојани поставки, адаптација на изложбениот простор и отпочнување со реализација на постојните комплексни изложбени поставки. Музеите во Гевгелија, Струмица и Тетово во текот на 1986, 1987 и 1988 година ги реализираа своите постојани комплексни изложбени поставки, во Кратово е адаптиран објект од старата градска архитектура во кој е формирана музејска збирка, музеите во Крушево, Штип и Охрид се во фаза на реализација на постојани изложбени поставки, а Музејот во Битола веќе неколку години врши адаптација на музејскиот објект за постојана комплексна изложбена поставка.

Во овие активности треба да се спомне и реализацијата на двете фази во постојаната поставка на Музејот на Македонија (археологија и историја), како и привршувањето на третата фаза (етнологија), со што Музејот на Македонија, за првпат во своето постоење, ќе се здобие со комплексна музејска поставка.

Досегашното функционирање на музеите во Републикава го карактеризираат одредени слабости во извршувањето на основната дејност пропишана со Законот за музејската дејност. Особено недоволно и нецелосно се остваруваат активностите што се однесуваат на истражувањето, проучувањето, објавувањето, како и на заштитата и презентацијата на музејскиот материјал.

Заштитата односно конзерваторско-реставраторските и препараторските интервенции на музејскиот материјал се остварува во 10 лаборатории на музеите во Републиката, до-

дека ваква лабораторија сè уште немаат музеите во Титов Велес, Неготино, Куманово, Гевгелија, Уметничката галерија — Скопје и музејските збирки во Ресен, Свети Николе и Кратово. Музеите во Штип и Струга и покрај тоа што имаат простор и скромна опрема, немаат соодветен стручен кадар за конзервација на музејскиот материјал. Според просторните услови, стручниот кадар и опремата со која располагаат лабраториите, може да се констатира дека единствено музеите на Македонија и Природонаучниот музеј на Македонија и Музејот на град Скопје ги задоволуваат потребните услови за нормално функционирање на лабораториите. Тргнувајќи од ваквата состојба на конзеваторско-реставраторските лаборатории, рационализацијата во музејската дејност, беше, главно, насочена во правец на нивна диференцирана специјализираност.

Чувањето на музејскиот материјал, освен во музеите во Скопје, е несоодветно и ни оддалеку не ги задоволува најелементарните стандарди на современата музеологија. Ако на ова го додадеме и самиот факт дека ниту еден музеј во Републиката нема соодветно депо со клима-уреди и алармни системи за противпожарна заштита и заштита од кражби (со исклучок на Музејот на Македонија) се доаѓа до една навистина непријатна констатација за третманот и нашиот однос кон заштитата на довереното културно-историско наследство.

НАЈГОЛЕМИ СЛАБОСТИ во работењето на музеите се присутни во непосредната презентација на музејскиот материјал. Ваквата состојба се должи не само на немање на постојани изложбени поставки, туку и на недоволната иницијативност на музеите во изнаоѓањето на пригодни форми и содржини за поголема презентација и популаризација на музејскиот материјал. Самиот податок што од вкупниот број на музејски материјал (преку 360.000 предмети и документи), во постојаните изложбени поставки се изложени само околу 9%, јасно говори за недоволната презентација на нашето движно културно-историско, уметничко и природно богатство.

И покрај тоа што во последните години обработката на музејскиот материјал е особено интензивирана, оваа законска обврска за целосна евиденција, документација и реинвентаризација на музејскиот материјал и натаму останува примарна задача на музеите, како и создавање на единствен информативен систем односно востановување на централна картотека во Музејот на Македонија.

Со проширувањето на музејската мрежа во последните години, особено беше зголемен бројот на стручните музејски кадри од сите профили. И покрај подобрувањето на стручниот кадар со висока стручна подготовка, сè уште извесен број на музеи не се кадровски екипирани, што во голема мера се одразува на целосното извршување на одредени функции во музејската дејност. Од вкупно 495 музејски работници, 239 се со висока стручна подготовка, а само 26 ги извршуваат работите на конзервацијата и реставрацијата на музејскиот материјал.

Анализирајќи ја кадровската структура и внатрешната организациона поставеност на музеите, се доаѓа до констатација дека е мошне голем соодносот помеѓу стручниот и административно-техничкиот кадар, а самата поделба на работите не е рационално искористена. Стручните работници односно кустосите во музеите, како по инерција од минатото, кога сите работи во врска со музеологијата биле сврзани со нивната функција, и сега често извршуваат разни административно-технички работи, на кои можат да се ангажираат и други работници со средна стручна подготовка. Таквите ангажирања, се разбира, негативно се одразуваат на истражувањето, научното обработување и објавување на музејскиот материјал, како и на студиските подготовки на програмираните изложби.

Еден од најактуелните проблеми на овој план е стручното оспособување и усовршување на музејските кадри. На ова прашање, може слободно да се каже, дека воопшто не му се посветува нужното внимание. Теоретските и практичните знаења од музеологијата, музејските работници главно, ги стекнуваат во процесот на работењето во самите организации. Недоволно внимание се посветува и за насочување на младите кадри во научно-истражувачките работи и за нивно стручно усовршување и специјализација во музејските центри во земјата и странство. Ваквите појави, што со години се присутни во оваа дејност, само ја потврдува констатацијата изнесена на последниот Конгрес на Сојузот на Друштвата на музејските работници во Југославија одржан 1987 година во Нови Сад, дека „Кај нас константно се спроведува најскап систем на стручно усовршување на кадрите во работниот процес."

Општественото дејствување на музеите се определува не само со вршењето на основните функции во истражувањето на минатото, чувањето и презентирањето на материјалните вредности, туку и толкување на историските сознавања и процеси и нивно пренесување на новите генерации. Кај нас сè уште постои мислење дека општествената мисија на музејот се исполнува ако е обезбедена неговата изложбена активност. Затоа, дејствувањето на музеите, главно, е свртено кон овие активности, кои општествената заедница единствено ги гледа и за кои поредовно се обезбедуваат материјални средства. Ваквото сфаќање придонесува за создавање на погрешна претстава дека музејот не е ништо друго туку само изложбен збир на експонати, запоставувајќи ги другите функции и стручно-научни активности. Досегашните искуства на

овој план, покажуваат дека музеите, како специфични културни образовно-воспитни и медиумски организации, но се користат како едукативни установи, а нивните изложбени поставки како еден вид учебници односно лекции за одредени историски настани и процеси.

ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ заслужува издавачката дејност на музеите. За разлика од претходните години, кога оваа дејност бележеше видни резултати во објавувањето на постојни публикации, зборници и друг вид музејски гласила, во последните години се одликува со осетно намалена продукција и нередовно издавање и на постојните музејски публикации, а неколку години не излегуваат „Музејскиот гласник" и „Весникот" на Друштвото на музејските работници на СР Македонија. Во оваа смисла, посебно заостанува објавувањето на резултатите од истражувањето и проучувањето на одделни научно-истражувачките проекти, музејските збирки, фондови и предмети, како и лични прилози на музејските работници во стручните списанија или на страниците на дневно-информативните весници и воопшто за проблематиката и постигнувањата на музејската дејност кај нас и во светот.

Во рамките на овие основни функции на музеите, секако се подразбира и нивната поврзаност со средствата за јавно информирање. Заради надминување на присутните слабости и недоследности на овој план, што кај музејските работници со право се нарекува „музејска затвореност и зачмаеност", потребно е музеите да се ангажираат за изнаоѓање на нови форми и содржини за широко отворање спрема надворешниот свет. Со вакviot начин не само што се остварува основната воспитно-образовна функција на музејот, туку со помошта на овие медиуми како првостепени пропаганди средства, се овозможува музејските информации и актуелности да бидат присутни во сите средини. Тоа е основен предуслов за анимирање на потенцијалните посетители и соработници односно создавање на „музејска публика", што во оваа дејност не можеме да се пофалиме дека ја имаме доволно.

Состојбите во музејската дејност, како и разновидните активности што ги преземаат музеите во афирмацијата на музејското дело и надминувањето на присутните слабости и и наталожени проблеми, јасно укажуваат на мошне сложените проблеми со кои се соочуваат музеите во сегашниот развој на своето функционирање. Општа е оценката дека остварените резултати во оваа дејност не соодветствуваат на сегашниот степен на развој, бројот на музејските организации, кадровскиот потенцијал и воопшто на создадените услови од страна на општествената заедница. Надминувањето на пројавените слабости во оваа област бараат постојано и поодговорно ангажирање на музејските работници и понепосредно и координирано пристапување на сите надлежни органи, организации и заедници. Се разбира дека основни носители во извршувањето на програмираните активности и во правовременото дејствување за разрешување на проблемите кои ги притискаат музеите, треба да бидат самите музејски работници и да не се потпираат на досегашните сфаќања дека дејноста треба да ја уреди некој друг, надвор од музејските организации. Остварените резултати на овој план треба да бидат основен поттик за нивно постојано и поангажирано дејствување и доследно извршување на општествената улога што заедницата им ја доверила во чувањето, заштитата и презентацијата на нашето непроценливо, движно културно, историско, уметничко и природно богатство.

**Д-р Ѓорѓе Миљковиќ:**

## Заштита, обезбедување услови за чување на музејскиот материјал и негово користење

ПРАШАЊЕТО ЗА заштитата и чувањето на музејскиот материјал старо е колку и историјата на музеите во нивната институционална смисла. Да го спомнам податокот дека уште во 1162 година во Рим е донесен едикт во кој пишувало: „Трајановиот столб не смее никогаш да биде уништен ниту оштетен и мора да биде чест на римскиот народ сè додека постои светот"[1] Овој текст може да се смета за прв документ за заштитата на спомениците на културата, а музејскиот материјал, само заради потоетување, може да го има тоа својство, регулирано со Законот за музејската дејност од 1979 година.

Денес во македонските музеи се чуваат 362.935 движни предмети и документи со археолошка, историска, социолошка, етнолошка, природонаучна, уметничка, техничка и друга вредност од значење за науката, уметноста, културата и просветата, со депоа од 4.030 $м^2$. Овие податоци се објавени во деветиот месец од 1986 година.[2] За разлика од оние податоци што ни беа презентирани на